Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), на 28 септември, во хотелот Континентал, ја промовираше новата обука „Добро управување – зголемена оддржливост“ наменета за граѓанските организации во Македонија. На промоцијата, на присутните, им се обратија Сашо Клековски, Извршен директор на МЦМС, Елвис Али, таск менаџер во Европската агенција за реконструкција и Сузана Никодијевиќ-Филиповска раководител на секторот за анализа на политики и координација при Генералниот секретаријат на Владата на РМ.

Обуката се спроведуваше од 28 до 30 септември 2007 година и на неа учествуваат 20 претставници на раководните (извршни и управни) тела на граѓанските организации, членки на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ), како и останати граѓански организации во земјата.

[redacted]

[redacted]